Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и член 10 ставови 1 и 3 и член 39 став 1 алинеи 1 и 15 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, а во врска со член 20 став 1 алинеја 8, член 27 и член 67 став 6 од Законот, директорот на Агенцијата, на 3-ти мај 2018 година, донесе

# УПАТСТВО

# ЗА НАДЗОР НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРОГРАМСКИОТ КОНЦЕПТ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со ова Упатство се утврдуваат начинот и критериумите за надзор на обврската од член 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), според која радиодифузерите во текот на една недела, се должни да спроведуваат, најмалку 80% од програмскиот концепт за кој им е издадена дозволата.

2. Програмскиот концепт е составен дел на дозволата за телевизиско или радио емитување, што се доставува во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во постапката за доделување на дозвола, а во него се утврдуваат форматот на програмскиот сервис на радиодифузерот и основните суштински насоки за неговото работење. Програмските концепти на радиодифузерите се достапни за јавноста преку веб страницата на Агенцијата.

3. Надзорот за почитувањето на обврската од член 67 став 6 од ЗААВМУ се врши преку:

   - анализа на содржината на вкупно емитуваната програма на радиодифузерот во текот на една седмица (од понеделник до недела); и
   - споредба на наодите од анализата со програмскиот концепт на радиодифузерот.

4. Имајќи предвид дека согласно член 67 став 6 од ЗААВМУ, радиодифузерот е должен во текот на една недела да спроведува најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата, анализата на содржината на вкупно емитуваната програма може да се направи на која било измината седмица во текот на годината, избрана по случаен избор. При изборот на неделата (седмицата) за надзор треба да се води сметка:

   - да се избере седмица за која Агенцијата има комплетна снимка од неделната програма на радиодифузерот; и
   - да не се избере недела за време на изборна кампања или кога радиодифузерот емитува програми за настани од големо значење или за други настани за кои постои висок интерес кај јавноста, а кои имаат капацитет да влијаат врз, односно да ја нарушат неговата редовна програмска шема.

## II. КРИТЕРИУМИ ЗА НАДЗОР НА ПРОГРАМСКИОТ КОНЦЕПТ

5. Програмскиот концепт се состои од повеќе елементи поврзани со програмата на радиодифузерот. Како критериуми за надзор се земаат предвид елементите чие почитување може да се провери со неделна анализа на вкупно емитуваната програма, и тоа:

- форматот на програмскиот сервис,
- јазикот на емитување,
- застапеноста на сопствената програма на неделно ниво,
- застапеноста на македонски аудио или аудиовизуелни дела на дневно ниво; и
- за радиодифузерите што емитуваат програма на локално и на регионално ниво и застапеноста во текот на неделата на програми што ќе третираат настани, информации и други содржини од значење за подрачјето во кое се емитува програмскиот сервис.

6. Форматот на програмскиот сервис и јазикот на емитување се задолжителни критериуми при надзорот кај сите радиодифузери.

7. Застапеноста на македонски аудио или аудиовизуелни дела е критериум при надзорот само кај радиодифузерите кои во програмскиот концепт пријавиле нивна поголема застапеност на дневно ниво од законски утврдениот минимум.

8. Застапеноста на сопствена програма на неделно ниво и застапеноста на програми што ќе третираат настани, информации и други содржини од значење за подрачјето во кое се емитува програмскиот сервис за радиодифузерите на локално и регионално ниво се земаат предвид при надзорот само кај радиодифузерите кај кои форматите се определуваат според говорниот дел од програмата.

9. За различни видови радиодифузери (според форматите на програмските сервиси) секој од критериумите врз основа на кои се извлекуваат оценките за почитувањето на програмскиот концепт, има различна тежина. Вредноста на критериумите е изразена во бодови и проценти.

## III. ВРЕДНУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА НАДЗОР

10. Кај радиодифузерите кај кои исполнувањето на програмскиот концепт се оценува преку сите 5 критериуми (форматот на програмскиот сервис, јазикот на емитување, застапеноста на сопствената програма, застапеноста на македонски аудио или аудиовизуелни дела и застапеноста на програми што ќе третираат настани, информации и други содржини од значење за подрачјето во кое се емитува програмскиот сервис), тие се вреднуваат на следниов начин:

| Критериуми за надзор | бодови | % |
|---|---|---|
| формат | 40 | 40% |
| јазик | 25 | 25% |
| сопствена програма | 5 | 5% |
| македонски аудио или аудиовизуелни дела | 5 | 5% |
| информации и други содржини од значење за подрачјето | 25 | 25% |
| **Вкупно** | **100** | **100%** |

11. Кај радиодифузерите кај кои исполнувањето на програмскиот концепт се оценува преку 4 критериуми (форматот на програмскиот сервис, јазикот на емитување, застапеноста на сопствената програма и застапеноста на македонски аудио или аудиовизуелни дела), тие се вреднуваат на следниов начин:

| Критериуми за надзор | бодови | % |
|---|---|---|
| формат | 65 | 65% |
| јазик | 25 | 25% |

| | | |
|---|---|---|
| сопствена програма | 5 | 5% |
| македонски аудио или аудиовизуелни дела | 5 | 5% |
| **Вкупно** | **100** | **100%** |

12. Кај радиодифузерите кај кои исполнувањето на програмскиот концепт се оценува преку 3 критериуми (форматот на програмскиот сервис, јазикот на емитување и застапеноста на македонски аудио или аудиовизуелни дела), тие се вреднуваат на следниов начин:

| **Критериуми за надзор** | **бодови** | **%** |
|---|---|---|
| формат | 70 | 70% |
| јазик | 25 | 25% |
| македонски аудио или аудиовизуелни дела | 5 | 5% |
| **Вкупно** | **100** | **100%** |

## IV. НАЧИН НА ОЦЕНУВАЊЕ

13. Доколку радиодифузерот врз чиј програмски сервис се врши надзорот, во програмскиот концепт нема пријавено поголема застапеност на македонски аудио или аудиовизуелни дела од законски утврдениот минимум, тогаш бодовите одвоени за овој критериум (5), се додаваат на критериумот – формат.

14. Ако радиодифузерот во програмскиот концепт пријавил поголема застапеност на македонски аудио или аудиовизуелни дела од законски утврдениот минимум, тогаш бодовите одвоени за овој критериум (5), се доделуваат доколку неделната анализа на вкупно емитуваната програма покаже дека радиодифузерот исполнува најмалку 2/3 (две третини) од процентот што е над законскиот минимум.

15. Бидејќи Правилникот за форматите на програмските сервиси на радиодифузерите (Службен весник на Република Македонија бр. 172/2014) обезбедува доволно голема флексибилност за радиодифузерите лесно да се придржуваат до форматот на програмскиот сервис утврден во дозволата за емитување, нема да се доделуваат бодови за критериумот формат доколку неделната анализа на вкупно емитуваната програма покаже дека радиодифузерот е надвор од форматот.

16. Нема да се доделуваат бодови за критериумот формат и доколку неделната анализа на вкупно емитуваната програма покаже дека радиодифузерот само формално го исполнува форматот, без реален дневен или актуелен новинарски ангажман во најмалку половина од програмите со информативна функција.

17. Бодовите за критериумот јазик на емитување се доделуваат само доколку неделната анализа на вкупно емитуваната програма покаже дека радиодифузерот ја емитува програмата на јазикот или јазиците утврдени во програмскиот концепт.

18. Бодовите за критериумите - застапеност на сопствена програма (5) и застапеност на програми што ќе третираат настани, информации и други содржини од значење за подрачјето во кое се емитува програмскиот сервис (25) – се пресметуваат при оценувањето на почитувањето на програмскиот концепт, само доколку неделната анализа на вкупно емитуваната програма покаже дека радиодифузерот исполнува по најмалку 2/3 (две третини) од пријавеното во програмскиот концепт за секој од двата критериуми поединечно.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

19. Ова Упатство влегува во сила на денот на неговото донесување, а ќе се објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Бр.01-2265/1

03.05.2018 година
Скопје

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Директор,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ